# ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ за 2024 година



**Предлагач: Градоначалник на Општина Центар-Скопје**
**м-р Горан Герасимовски**

**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

**февруари 2025, Скопје**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА

Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2024 година го сочинува:

I. Годишна - Завршна сметка
   Образложение за Годишната сметка
II. Извештај за реализацијата на инвестиционите програми, капиталните и блок-дотациите
III. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност
IV. Годишен извештај за користењето на резервите
V. Извештај за состојбата на жиро-сметките заклучно со 31.12.2024 година
VI. Извештај од одговорниот сметководител



# I. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ГОДИШНАТА (ЗАВРШНАТА) СМЕТКА

Врз основа на член 33 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15; 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр. 244/19; 53/21; 77/21; 150/21; 173/22 и 170/24), општините имаат обврска да подготват и да достават Годишна сметка (Завршна сметка) за извршувањето на Буџетот на Општината.

**Во Годишната (завршната) сметка на Општината се прикажани вкупните планирани приходи и расходи на годишно ниво и нивната реализација за периодот од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година.** Во овој фискален период се остварени приходи и други приливи и реализирани се расходи и други одливи, како што следува подолу:

| ВКУПЕН БУЏЕТ | План | Реализирани приходи | Потрошен вишок на приходи од претходни години | Реализирани расходи |
|---|---|---|---|---|
| Основен буџет | 833.611.000 | 847.977.822 | 0 | 677.349.609 |
| Буџет на самофинансирачки активности | 61.400.000 | 47.844.029 | 1.532.274 | 49.376.303 |
| Буџет на дотации | 508.355.000 | 504.144.121 | 765.550 | 504.909.671 |
| Буџет на донации | 13.912.300 | 5.783.233 | 0 | 5.470.713 |
| Буџет на кредити | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **1.417.278.300** | **1.405.749.205** | **2.297.824** | **1.237.106.296** |

**Вкупните приходи** се остварени во износ од **1.408.047.029,00** денари, што претставува остварување од 99,35% во однос на вкупниот план за 2024 година.

**Вкупните расходи** се остварени во износ од **1.237.106.296,00** денари, што претставува остварување од 87,29% во однос на вкупниот план за 2024 година.



## 1. ПРИХОДИ

Од вкупно планираните приходи во износ од 1.417.278.300,00 денари, во периодот од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година реализирани се **1.408.047.029,00** денари , што претставува 99,35% во однос на планираното, и тоа:

| ВКУПЕН БУЏЕТ | План | Реализирани приходи | % на оствар. | % на учество |
|---|---|---|---|---|
| Основен буџет | 833.611.000 | 847.977.822 | 101,72% | 60,22% |
| Буџет на самофинансирачки активности | 61.400.000 | 47.844.029 | 77,92% | 3,40% |
| Буџет на дотации | 508.355.000 | 504.144.121 | 99,17% | 35,81% |
| Буџет на донации | 13.912.300 | 5.783.233 | 41,57% | 0,41% |
| Буџет на кредити | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **1.417.278.300** | **1.405.749.205** | **99,19%** | **99,84%** |
| Потрошен вишок на приходи од претходни години | | 2.297.824 | | 0,16% |
| **Вкупно** | **1.417.278.300** | **1.408.047.029** | **99,35%** | **100%** |

Реализацијата на приходите во основниот буџет е 101,72%, во буџетот на самофинансирачки активности 77,92%, буџетот на дотации 99,17%, а во буџетот на донации 41,57%. Потрошеното салдо од претходните години е во износ од 2.297.824,00 денари и истото е потрошено во буџетот на самофинансирачки активности и буџетот на дотации.

Анализирајќи ја структурата на приходите по сметки, можеме да заклучиме дека најголемо учество во вкупните приходи имаат приходите во основниот буџет (60%), потоа се приходите во буџетот на блок дотации (36%), приходите во буџетот на самофинансирачки активности (3%) и приходи во буџетот на донации (1%).



Реализираните приходи по категории се прикажани во следната табела, при што најголем процент на реализација имаат капиталните приходи (140,56%), потоа се даночните приходи (121,80%), неданочните приходи (86,51%) и трансферите и донациите (78,88%).

| ВКУПЕН БУЏЕТ (Приходи) | План | Реализирани приходи | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|
| Даночни приходи | 618.160.000 | 752.905.469 | 121,80% | 53,47% |
| Неданочни приходи | 74.060.000 | 64.070.858 | 86,51% | 4,55% |
| Капитални приходи | 27.330.000 | 38.415.460 | 140,56% | 2,73% |
| Трансфери и донации | 697.728.300 | 550.357.418 | 78,88% | 39,09% |
| **Потрошен вишок на приходи од претходни години** | | 2.297.824 | | 0,16% |
| **Вкупно** | **1.417.278.300** | **1.408.047.029** | **99,35%** | **100%** |

Анализирајќи ја структурата на приходите по економска класификација, можеме да заклучиме дека најголемо учество во вкупните приходи на Општина Центар- Скопје имаат даночните приходи со 53%, потоа следуваат трансферите со 39%, неданочните приходи со 5%, додека пак најмало учество имаат капиталните приходи со само 3% од вкупните приходи.



Во **Основниот буџет** на Општината од планираните приходи во износ од 833.611.000,00 денари, во периодот од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година реализирани се **847.977.822,00** денари, што претставува 101,72% од планираните приходи. Планирањето на одредени видови приходи се базира врз историски показатели и како резултат на тоа некои видови приходи се прецeнети, а некои се потценети, односно реализацијата е поголема или помала од планираното. Реализацијата на приходите во Основниот буџет на ниво на ставки е следна:

| Ставка | ОСНОВЕН БУЏЕТ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **618.160.000** | **752.905.469** | **121,80%** | **88,79%** |
| 711 | Данок од доход, добивка и од капитални добивки | 26.940.000 | 35.791.075 | 132,85% | 4,22% |
| 713 | Даноци на имот | 168.500.000 | 202.840.940 | 120,38% | 23,92% |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 421.860.000 | 513.258.745 | 121,67% | 60,53% |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 860.000 | 1.014.709 | 117,99% | 0,12% |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **12.660.000** | **16.226.829** | **124,21%** | **1,91%** |
| 722 | Глоби , судски и административни такси | 1.160.000 | 1.325.252 | 114,25% | 0,15% |
| 723 | Такси и надоместоци | 1.000.000 | 750.808 | 75,08% | 0,09% |
| 725 | Други неданочни приходи | 10.500.000 | 14.150.769 | 134,77% | 1,67% |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **27.330.000** | **38.415.460** | **140,56%** | **4,53%** |
| 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 23.330.000 | 38.415.460 | 140,56% | 4,53% |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **175.461.000** | **40.430.064** | **23,04%** | **4,77%** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 175.461.000 | 40.430.064 | 23,04% | 4,77% |
| | **Вкупно** | **833.611.000** | **847.977.822** | **101,72%** | **100%** |

Најголемо учество во вкупно остварените приходи имаат даноците на специфични услуги со учество од 60,53%, а даноците на имот имаат учество од 23,92%.

**Даночните приходи** се реализирани во вкупен износ од **752.905.469,00** денари, односно 121,80% од планираното, од кои:

- На ставка **711- Данок од доход, од добивка и од капитални добивки** се реализирани приходи во износ од **35.791.075,00** денари;
- На ставка **713- Даноци на имот** се реализирани приходи во износ од **202.840.940,00** денари од кои:
  - приходи по основа на данок на промет на недвижен имот во износ од 103.436.146,00 денари;
  - приходи по основа на данок на имот од физички лица во износ од 51.029.588,00 денари;
  - приходи по основа на данок на имот од правни лица во износ од 37.748.396,00 денари;
  - приходи по основа на данок на наследство и подарок во износ од 9.496.258,00 денари;
  - камата за ненавремено плаќање на данокот на имот во износ од 1.130.552,00 денари.

- На ставка **717- Даноци на специфични услуги** се реализирани приходи во износ од **513.258.745,00** денари од кои:
    - приходи по основа на надоместок за уредување на градежно земјиште во износ од 441.745.016,00 денари;
    - приходи од комунална такса за користење и за одржување на јавното осветлување во износ од 41.009.804,00 денари;
    - приходи од комунална такса за користење на просторот за паркирање на моторни возила во износ од 10.053.656,00 денари;
    - приходи од комунални такси за истакнување фирма и за користење на улици со патнички, товарни и моторни возила во износ од 9.235.474,00 денари;
    - приходи од комунална такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење дејност во износ од 7.539.253,00 денари;
    - приходи од комунални дејности во износ од 3.636.852,00 денари;
    - други приходи што во извештајниот период се во помал износ.

- На ставка **718- Такси на користење или дозволи за вршење на дејност** се реализирани приходи во износ од **1.014.709,00** денари.

**Неданочните приходи** се реализирани во вкупен износ од **16.226.829,00** денари, односно 124,21% од планираното, од кои:

- На ставка **722- Глоби, судски и административни такси** се реализирани приходи во износ од **1.325.252,00** денари;
- На ставка **723- Такси и надоместоци** се реализирани приходи во износ од **750.808,00** денари
- На ставка **725- Други неданочни приходи** се реализирани приходи во износ од **14.150.769,00** денари од кои 13.667.290,00 денари се уплатени од комintенти по основа на договорни казни (пенали) за предметите што се преземени од Министерството за транспорт и врски во согласност со Законот за градежно земјиште.

**Капиталните приходи** се реализирани во износ од **38.415.460,00** денари на ставка **733- Продажба на земјиште и нематеријални вложувања,** односно 140,56% од планираното, од кои:

- приходи од продажба и закуп на неизградено градежно земјиште во износ од 34.723.059,00 денари,
- приходи од надоместок за управување со правен статус на бесправно изградени објекти во износ од 1.623.003,00 денари и
- надоместок за концесии во износ од 2.022.453,00 денари.

**Приходите од трансфери во основниот буџет** се реализирани во износ од **40.430.064,00** денари, сите на ставка **741- Трансфери од други нивоа на власт**, што претставува 23,04% од планираните приходи и се однесуваат на приходите од ДДВ и трансферот од Јавното претпријатие за државни патишта.




Приходите во **Буџетот на самофинансирачки активности** се приходи што ги остваруваат буџетските корисници на Општина Центар, односно основните училишта и детските градинки. Во буџетската 2024 година по оваа основа реализирани се приходи во износ од **47.844.029,00** денари, што претставува 77,92% од планираните приходи. Искористениот вишок на приходи од минатите години е во износ од 1.532.274,00 денари.

| Ставка | БУЏЕТ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **61.400.000** | **47.844.029** | **77,92%** | **96,90%** |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 0 | 2.452 | - | 0,01% |
| 723 | Такси и надоместоци | 61.400.000 | 47.755.265 | 77,78% | 96,72% |
| 725 | Други неданочни приходи | 0 | 86.312 | - | 0,17% |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **0** | **1.532.274** | **-** | **3,10%** |
| 741 | Потрошен вишок на приходи од претходни години | 0 | 1.532.274 | - | 3,10% |
| | **Вкупно** | **61.400.000** | **49.376.303** | **80,42%** | **100%** |

Најголем дел од приходите се однесуваат на надоместоците за оброци во училиштата и во градинките, за целодневна и за претшколска грижа и приходи од издавање под закуп на училишен простор. Приходите на основните училишта се во износ од 16.823.189,00 денари, а на детските градинки во износ од 32.553.114,00 денари.




Во **Буџетот на дотации** од вкупно планираните приходи во износ од 508.355.000,00 денари, до 31.12.2024 година реализирани се **504.144.121,00** денари, што претставува 99,17% од вкупно планираните приходи за 2024 година. Искористениот вишок на приходи од минатите години е во износ од 765.550,00 денари.

| Ставка | БУЏЕТ НА БЛОК ДОТАЦИИ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **508.355.000** | **504.909.671** | **99,32%** | **100%** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 508.355.000 | 504.144.121 | 99,17% | 99,85% |
| | Потрошен вишок на приходи од претходни години | | 765.550 | | 0,15% |
| | **Вкупно** | **508.355.000** | **504.909.671** | **99,32%** | **100%** |

Приходите од блок дотации од Министерството за образование и наука наменети за основните училишта во 2024 година изнесуваа 321.696.000,00 денари, додека пак приходите од блок дотации од Министерството за социјална политика, демографија и млади наменети за детските градинки изнесуваа 182.448.121,00 денари.



Во **Буџетот на донации** од вкупно планираните приходи во износ од 13.912.300,00 денари, реализирани се **5.783.233,00** денари, што претставува 41,57% од вкупно планираните приходи. Овие приходи се реализирани по основа на договори за донаторско финансирање на буџетските единки корисници на Општина Центар (училишта и градинки).

| Ставка | БУЏЕТ НА ДОНАЦИИ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **13.912.300** | **5.783.233** | **41,57%** | **100%** |
| 741 | Трансфери и донации | 80.300 | 0 | - | - |
| 742 | Донации од странство | 11.857.000 | 5.042.893 | 42,53% | 87,20% |
| 744 | Тековни донации | 1.975.000 | 740.340 | 37,49% | 12,80% |
| | **Вкупно** | **13.912.300** | **5.783.233** | **41,57%** | **100%** |

Најголем процент од приходите во буџетот на донации се на основното училиште ООУ "Киро Глигоров"- (40%), па следат ООУ "Ј.Х.Песталоци"- (26%) и ООУ "Гоце Делчев" – (15%).




Во **Буџетот на кредити** во 2024 година не се реализирани приходи.

## 2. РАСХОДИ

**Вкупните расходи** во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2024 година, со кои се финансираат законски утврдените надлежности на Општината, реализирани се во вкупен износ од **1.237.106.296,00 денари**, што претставува 87,29% реализација од планираното (1.417.278.300,00 денари).

| ВКУПЕН БУЏЕТ | План | Реализирани приходи | % на оствар. | % на учество |
|---|---|---|---|---|
| Основен буџет | 833.611.000 | 677.349.609 | 81,25% | 54,75% |
| Буџет на самофинансирачки активности | 61.400.000 | 49.376.303 | 80,42% | 3,99% |
| Буџет на дотации | 508.355.000 | 504.909.671 | 99,32% | 40,82% |
| Буџет на донации | 13.912.300 | 5.470.713 | 39,32% | 0,44% |
| Буџет на кредити | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **1.417.278.300** | **1.237.106.296** | **87,29%** | **100%** |

Реализацијата на расходите во основниот буџет е 81,25%, во буџетот на самофинансирачки активности 80,42%, буџетот на дотации 99,32%, а во буџетот на донации 39,32%.

Анализирајќи ја структурата на приходите по сметки, можеме да заклучиме дека најголемо учество во вкупните расходи имаат расходите во основниот буџет (54%), потоа се расходите во буџетот на блок дотации (41%), расходите во буџетот на самофинансирачки активности (4%) и расходи во буџетот на донации (1%).



Во **Основниот буџет** на Општината од планираните расходи во износ од 833.611.000,00 денари, во периодот од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година, реализирани се **677.349.609,00** денари, што претставува 81,25% од планираните расходи.

| | ОСНОВЕН БУЏЕТ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **98.286.000** | **85.722.910** | **87,22%** | **12,65%** |
| 401 | Основни плати | 62.380.000 | 55.535.438 | 89,03% | 8,20% |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 24.426.000 | 21.214.031 | 86,85% | 3,13% |
| 404 | Надоместоци | 9.480.000 | 8.973.441 | 94,66% | 1,32% |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **1.200.000** | **221.666** | **18,47%** | **0,03%** |
| 412 | Постојана резерва | 1.000.000 | 22.222 | 2,22% | 0,01% |
| 413 | Тековна резерва | 200.000 | 199.444 | 99,72% | 0,02% |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **177.530.000** | **139.941.856** | **78,83%** | **20,66%** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 1.850.000 | 465.855 | 25,18% | 0,07% |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 54.585.000 | 51.751.597 | 94,81% | 7,64% |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 6.005.000 | 3.615.414 | 60,21% | 0,53% |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 31.310.000 | 27.595.899 | 88,14% | 4,07% |
| 425 | Договорни услуги | 41.975.000 | 19.567.365 | 46,62% | 2,89% |
| 426 | Други тековни расходи | 14.505.000 | 12.035.414 | 82,97% | 1,78% |
| 427 | Привремени вработувања | 27.300.000 | 24.910.312 | 91,25% | 3,68% |
| **45** | **КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | **6.200.000** | **6.131.652** | **98,90%** | **0,91%** |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 6.200.000 | 6.131.652 | 98,90% | 0,91% |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **168.505.000** | **160.488.279** | **95,24%** | **23,69%** |
| 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 10.000.000 | 10.000.000 | 100% | 1,48% |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 19.500.000 | 19.492.224 | 99,96% | 2,87% |
| 464 | Разни трансфери | 139.005.000 | 130.996.055 | 94,24% | 19,34% |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **6.500.000** | **6.334.528** | **97,45%** | **0,94%** |
| 471 | Социјални надоместоци | 6.500.000 | 6.334.528 | 97,45% | 0,94% |
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | **42.400.000** | **42.343.016** | **99,87%** | **6,26%** |
| 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | 42.400.000 | 42.343.016 | 99,87% | 6,26% |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **334.990.000** | **236.165.702** | **70,50%** | **34,86%** |
| 480 | Купување опрема и машини | 5.400.000 | 5.001.469 | 92,62% | 0,74% |
| 481 | Градежни објекти | 111.560.000 | 103.679.692 | 92,94% | 15,31% |
| 482 | Други градежни објекти | 182.230.000 | 93.493.487 | 51,31% | 13,79% |
| 483 | Купување на мебел | 300.000 | 0 | - | - |
| 485 | Вложување и нефинансиски средства | 35.500.000 | 33.991.054 | 95,75% | 5,02% |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **833.611.000** | **677.349.609** | **81,25%** | **100%** |

Во 2024 година **тековно-оперативните расходи** изнесуваат **441.183.907,00** денари, а **капиталните расходи** во извештајниот период се реализирани во вкупен износ од **236.165.702,00** денари.

Најголем процент од тековно оперативните расходи се однесуваат на субвенции и трансфери од кадешто се изврши исплата на штета - испуштена корист и парнични трошоци по пресуда од Апелациониот Суд- Скопје; следува отплата на главнина кон домашните институции за земените кредити; комунални услуги, греење и комуникација.




Капиталните расходи се однесуваат на изградба и реконструкција на инфраструктура на територијата на Општина Центар.

Тековно оперативните и капиталните расходи ќе бидат подетално образложени во посебниот дел на завршната сметка.

Расходите во **Буџетот на самофинансирачки активности** се расходи што ги реализираат буџетските корисници на Општина Центар, односно основните училишта и детските градинки. Во буџетската 2024 година по оваа основа реализирани се расходи во износ од **49.376.303,00** денари, што претставува 80,42% од планираните приходи. Расходите на основните училишта се во износ од 16.823.189,00 денари, односно 34% од вкупните расходи во буџетот на самофинансирачки активности, додека пак расходите на детските градинки се во износ од 32.553.114,00 денари, односно 66% од вкупните расходи во буџетот на самофинансирачки активности.

| Ставка | БУЏЕТ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **54.524.000** | **43.267.868** | **79,36%** | **87,63%** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 520.000 | 292.944 | 56,34% | 0,59% |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 8.580.000 | 6.788.573 | 79,12% | 13,75% |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 27.386.000 | 21.940.514 | 80,12% | 44,44% |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 8.437.000 | 7.034.839 | 83,38% | 14,25% |
| 425 | Договорни услуги | 4.856.000 | 3.640.361 | 74,97% | 7,37% |
| 426 | Други тековни расходи | 3.845.000 | 3.187.164 | 82,89% | 6,45% |
| 427 | Привремени вработувања | 900.000 | 383.473 | 42,61% | 0,78% |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **6.876.000** | **6.108.435** | **88,84%** | **12,37%** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 3.196.000 | 2.614.866 | 81,82% | 5,29% |
| 483 | Купување на мебел | 3.647.000 | 3.491.679 | 95,74% | 7,07% |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 33.000 | 1.890 | 5,73% | 0,01% |
| | **Вкупно** | **61.400.000** | **49.376.303** | **80,42%** | **100%** |

Тековно оперативните расходи учествуваат со 70% од вкупните расходи, додека пак капиталните расходи со 30% во вкупните расходи во буџетот на самофинансирачки активности. Најголем дел од расходите од основните училишта отпаѓаат на ООУ "Димитар Миладинов", ООУ "Киро Глигоров" и ООУ "11-ти октомври", додека пак кај детските градинки најголем дел од расходите отпаѓаат на ЈУДГ "13-ти ноември".



Во **Буџетот на дотации** од вкупно планираните расходи во износ од 508.355.000,00 денари, до 31.12.2024 година реализирани се **504.909.671,00** денари, што претставува 99,32% од вкупно планираните расходи за 2024 година.

| Ставка | БУЏЕТ НА БЛОК ДОТАЦИИ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **471.258.000** | **470.304.682** | **99,80%** | **93,15%** |
| 401 | Основни плати | 333.431.000 | 332.855.578 | 99,83% | 65,92% |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 129.432.000 | 129.112.248 | 99,75% | 25,57% |
| 404 | Надоместоци | 8.395.000 | 8.336.856 | 99,31% | 1,66% |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **36.176.000** | **33.689.637** | **93,13%** | **6,67%** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 27.680.000 | 25.630.016 | 92,59% | 5,08% |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 3.589.000 | 3.516.171 | 97,97% | 0,70% |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 1.387.000 | 1.235.974 | 89,11% | 0,24% |
| 425 | Договорни услуги | 2.181.000 | 2.038.509 | 93,47% | 0,40% |
| 426 | Други тековни расходи | 379.000 | 314.155 | 82,89% | 0,06% |
| 427 | Привремени вработувања | 960.000 | 954.812 | 99,46% | 0,19% |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **921.000** | **915.352** | **99,39%** | **0,18%** |
| 464 | Разни трансфери | 921.000 | 915.352 | 99,39% | 0,18% |
| | **Вкупно** | **508.355.000** | **504.909.671** | **99,32%** | **100%** |

Расходите на детските градинки изнесуваат 183.005.931,00 денари, односно 36% од вкупните расходи во буџетот на блок дотации, а на основните училишта 321.903.740,00 денари, односно 64% од вкупните расходи во буџетот на блок дотации.



Во **Буџетот на донации** реализирани се расходи во износ од **5.470.713,00** денари, што претставува 39,32% од вкупно планираните расходи за 2024 година.

| Ставка | БУЏЕТ НА ДОНАЦИИ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **11.507.300** | **4.111.640** | **35,73%** | **75,16%** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 4.445.000 | 1.265.169 | 28,46% | 23,13% |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 434.000 | 200.344 | 46,16% | 3,66% |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 55.000 | 55.000 | 100% | 1,01% |
| 425 | Договорни услуги | 5.436.300 | 2.259.507 | 41,56% | 41,30% |
| 426 | Други тековни расходи | 1.137.000 | 331.620 | 29,17% | 6,06% |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **2.405.000** | **1.359.073** | **56,51%** | **24,84%** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 2.405.000 | 1.359.073 | 56,51% | 24,84% |
| | **Вкупно** | **13.912.300** | **5.470.713** | **39,32%** | **100%** |

Во рамките на овој буџет средствата се користат за реализација на донаторски проекти на Општината и на основните училишта под надлежност на Општината за реализација на проекти под покровителство на европски фондови со намена за унапредување на квалитетот во образованието.




Во **Буџетот на кредити** за 2024 година не се реализирани расходи.

## *3. ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА*

## РАСХОДИ ВО ОСНОВНИОТ БУЏЕТ ПО ПОТПРОГРАМИ

Во Потпрограмата **А00 – Совет на Општината** планирани се расходи во износ од 57.500.000,00 денари, а реализирани се во износ од **55.583.219,00** денари, што претставува 96,67% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Трошоците во оваа Потпрограма се однесуваат на:

- исплатата на главнината и на каматата за кредитното задолжување во Комерцијална банка за изградба на училиштето "Киро Глигоров" и за подзаемот за реконструкција на "Титоввелешка" и градинката "Пепелашка";
- надоместоци за советниците во Советот на Општина Центар-Скопје,
- плаќање сметки за службени телефони за советниците;
- средства за доделување на наградата "Феникс"



Во Потпрограмата **Д00 – Градоначалник** планирани се расходи во износ од 11.316.000,00 денари, а реализирани се во износ од **8.158.448,00** денари, што претставува 72,10% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Во оваа Потпрограма опфатени се расходите за:

- плата и придонеси на Градоначалникот;
- плаќање сметки за службен телефон за Градоначалникот;
- трошоци за испратнина при пензионирање на вработени во основните училишта и во детските градинки;
- отпремнина при пензионирање на вработени во училиштата и градинките;
- надоместок во случај на смрт на вработени и членови на потесното семејство;
- плаќања за реализацијата на проектот „Нега на стари лица во домашни услови".

Во Потпрограмата **<u>Е00 – Општинска администрација</u>** планирани се расходи во износ од 230.610.000,00 денари, а реализирани се во износ од **210.031.379,00** денари, што претставува 91,08% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Расходите што се опфатени со оваа Потпрограма се однесуваат на:

- плати и придонеси на вработените во Општината;
- комуналните услуги (електрична енергија, гориво, парно, вода, ѓубретарина, пошта, телефон, регистрација на моторни возила);
- канцелариски материјали, средства за одржување хигиена, списанија и други изданија за користење од вработените, ситен инвентар, материјали за поправки;
- поправки и сервисирање на возила, поправки и одржување на компјутерска и друга опрема;
- изнајмување на мултифункциски уреди, осигурување на недвижен имот и возила, правни услуги, судски такси, услуги за копирање и печатење, консултантски услуги;
- членарини во домашни организации - Здружение на единици на локална самоуправа, учество на вработените на семинари и на конференции, за објавување огласи;
- финансирање на програмски активности здруженија на граѓани и фондации;
- исплата на на име штета - испуштена корист и парнични трошоци по пресуда од Апелациониот Суд- Скопје;
- отпремнина при пензионирање на вработените во Општина Центар;
- социјални надоместоци (помош за новороденчиња и социјална помош за граѓани);
- финансиска поддршка на пензионери во социјален ризик.



Во Потпрограмата **<u>ЕА0 – Капитални трошоци на Општината</u>** планирани се расходи во износ од 4.600.000,00 денари, а реализирани се во износ од **3.442.459,00** денари, што претставува 74,84% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Расходите што се опфатени со оваа Потпрограма се однесуваат на:

- надградба и одржување на ГИС портал;
- набавка на антивирусни сервер клиент решенија и лиценци за FireWall уреди;
- набавка на персонални компјутери, скенери и мултифункциски принтери.

Во Потпрограмата **<u>Ф10 – Урбанистичко планирање</u>** планирани се расходи во износ од 17.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од **5.146.792,00** денари, што претставува 30,27% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на:

- изработката на деталните урбанистички планови,
- консултантските услуги (надоместок за учество во комисија за урбанизам) и
- објавувањето огласи.

Во Потпрограмата **<u>Ф20 – Уредување на градежно земјиште</u>** планирани се расходи во износ од 12.700.000,00 денари, а реализирани се во износ од **2.408.582,00** денари, што претставува 18,97% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на:

- уривањето на времени објекти,
- објавување огласи и
- ангажирање на консултанти за испитување на квалитетот на воздух, вода и мерење на бучава.



Во Потпрограмата **<u>ФА0 – Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)</u>** планирани се расходи во износ од 72.565.000,00 денари, а реализирани се во износ од **48.522.960,00** денари, што претставува 66,87% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на

- Надомест за одземен имот (експропријација) за реализација на јавен интерес од локално значење намена на градба, улица- сообраќајница, дел од ул. "Тодор Александров" бр.11,12;
- Реконструкција на ул. "Блаже Тодоровски";
- Реконструкција на атмосферска канализација на ул. "Васил Ѓоргов", реконструкција на фекална канализација, Градски стадион и реконструкција на атмосферска канализација на ул. "Периша Савелиќ";
- Реконструкција на фекална канализација Кеј "13-ти ноември" и на водоводна и хидрантска мрежа на ул. "Анте Хаџи Митков";
- Подготвување на проекти за изградба на инфраструктура;
- Приклучување во дистрибутивна мрежа;
- Изработување на геодетски елаборати;
- Стручен надзор над изградбата на инфраструктура.

Во Потпрограмата **<u>Г10 – Поддршка на локалниот економски развој</u>** планирани се расходи во износ од 1.060.000,00 денари, реализирани се во износ од **549.366,00** денари, што претставува 51,83% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма а се однесуваат на:

- консултантски услуги за реализација на проекти;
- годишна членарина - Европска асоцијација за локална демократија АЛДА;
- кофинансирање со Скопски плански регион за реализација на проект - фотоволтаични системи на две основни училишта во Општина Центар.

Во Потпрограмата **<u>ГД0 – Проекти за енергетска ефикасност</u>** планирани се расходи во износ од 4.000.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од **3.327.978,00** денари, што претставува 83,20% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на

- реконструкција на фасада на станбен објект на бул.”Дебарца” бр.17;
- финансиска поддршка за поправка и санација на постојни покривни конструкции и лифтови во станбени згради.



Во Потпрограмата **<u>Ј00 – Одржување на урбана опрема</u>** планирани се расходи во износ од 3.000.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од **1.592.669,00** денари, што претставува 53,09% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на трошоци за санација и за одржување на урбана опрема.

Во Потпрограмата **<u>Ј30 – Јавно осветлување</u>** планирани се расходи во износ од 28.600.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од **27.334.050,00** денари, што претставува 95,57% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на:

- трошоци за потрошена енергија за улично осветлување и за негово одржување (сервисирање);
- новогодишно украсување во Општина Центар- Скопје.

Во Потпрограмата **J40 – Јавна чистота** планирани се расходи во износ од 33.400.000,00 денари, реализирани се во износ од **32.694.778,00** денари, што претставува 97,89% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма, а се однесуваат на:

- трансфери до ЈП "Паркинзи на Општина Центар" за исплата на надоместокот на работниците ангажирани за одржување на јавната чистота;
- депонирање на комунален отпад до депонија "Дрисла";
- за набавка на рачен и градинарски алат.

Во Потпрограмата **J60 – Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај** планирани се расходи во износ од 13.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од **12.826.151,00** денари, што претставува 98,66% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, кои се искористени за зимско одржување на улиците и за санација на ударни дупки.



Во Потпрограмата **J70 – Одржување и користење на паркови и зеленило** планирани се расходи во износ од 2.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од **1.201.370,00** денари, што претставува 60,07% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, кои се однесуваат на одржување на системите за полевање на повеќе локации на територијата на Општина Центар-Скопје.

Во Потпрограмата **J80 – Други комунални услуги** планирани се расходи во износ од 700.000,00 денари, реализирани се во износ од **700.000,00** денари, што претставува 100%, а се однесуваат на дезинфекција, дезинсекција и дератизација на територијата на Општина Центар-Скопје.

Во Потпрограмата **J90 – Одржување на простори за паркирање** планирани се расходи во износ од 10.000.000,00 денари, реализирани се во износ од **10.000.000,00 денари**, а се однесуваат на субвенционирање на ЈП Паркинзи на Општина Центар.

Во рамките на Потпрограмата **<u>ЈАА – Реконструкција и модернизација на јавното осветлување (развојна програма)</u>** како дел од Планот на програми за развој во текот на 2024 година планирани се расходи во износ од 28.500.000,00 денари, а реализирани во износ од **25.539.634,00 денари,** што претставува 89,61% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, наменети за имплементација на систем за административна дигитализација и реконструкција на јавното осветлување.



Во Потпрограмата **<u>ЈД0 – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици</u>** планирани се расходи во износ од 30.535.000,00 денари, а реализирани се во износ од 6.587.945,00 денари, што претставува 21,57% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а искористени се за:

- Изработка и ревизија на основни проекти за инфраструктура;
- Изградба на водоводна мрежа по дел од ул. "Пролет", приклучок за фекална канализација на ул. "Шумадиска", приклучок за фекална канализација на ул. "Ленинова"- зграда 21, приклучок за фекална канализација на ул. "487" и корекција на капаци за шахти- подигнување на кота на нивелета и реконструкција на сливници;
- Санација на тротоари на ул. "Народен Фронт";
- Поставување на хоризонтална сообраќајна сигнализација и изведба и одржување на вертикална сообраќајна сигнализација;
- Изготвување хидротехнички услови и вршење надзор над изградбата;

Во Потпрограмата **<u>ЈДД – Реконструкција на улица "Аминта Трети" (развојна програма)</u>** планирани се расходи во износ од 2.500.000,00 денари, а реализирани се во износ од **2.078.609,00** денари, што претставува 83,14% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на реконструкција на ул. „Аминта Трети".

Во Потпрограмата **<u>ЈДИ – Реконструкција во населба Капиштец- улица "Елисие Поповски- Марко" (развојна програма)</u>** планирани се расходи во износ од 15.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од 13.445.318,00 денари, што претставува 89,64% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на реконструкција на улицата "Елисие Поповски- Марко".

Во Потпрограмата **<u>ЈМ0 – Паркови и зеленило (капитални расходи)</u>** планирани се расходи во износ од 28.780.000,00 денари, реализирани се во износ од **13.211.869,00** денари, што претставува 45,91% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма, а се однесуваат на хортикултурно и партерно уредување од паркингот кај Зебра до парк Капиштец во населбата Капиштец.

Во Потпрограмата **<u>ЈН0 – Урбана опрема (капитални расходи)</u>** планирани се расходи во износ од 1.050.000,00 денари, реализирани се во износ од **663.483,00** денари, што претставува 63,19% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма, а се однесуваат на изработка и монтажа на клупи, канти за отпадоци и држачи за велосипеди.



Во Потпрограмата **<u>К4 – Културни манифестации и творештва</u>** планирани се расходи во износ од 8.650.000,00 денари, реализирани се во износ од **7.929.492,00** денари, што претставува 91,67% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на:

- финансиска поддршка на мешовитата установа од областа на културата "Културно социјален простор Центар- Јадро";
- финансиска поддршка за проекти од областа на културата;
- доделување стипендии на талентирани ученици во областа на културното творештво;
- организирање на културни манифестации;
- обезбедување на простор за општинските читалници.

Во Потпрограмата **<u>Л0 – Спорт и рекреација</u>** планирани се расходи во износ од 19.500.000,00 денари, а реализирани се во износ од **19.007.342,00** денари, што претставува 97,47% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а искористени се за:

- финансирање на активностите на Кошаркарскиот клуб „Работнички";
- финанансирање на други спортски клубови и талентирани спортисти;
- организација на спортски игри "Лига Центар" и
- доделување спортски стипендии.

Во Потпрограмата **<u>ЛА – Спорт и рекреација (капитални трошоци)</u>** планирани се расходи во износ од 32.100.000,00 денари, а реализирани се во износ од **13.913.705,00** денари, што претставува 43,34% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а искористени за

- изработка на основен проект за фаза 1 и 2 од реконструкција на објект Спортска сала Работнички;
- санација на спортска сала Работнички;
- реконструкција на детски игралишта на територија на Општина Центар;



Во Потпрограмата **<u>Н10 – Основно образование</u>** планирани се расходи во износ од 32.275.000,00 денари, реализирани се во износ од **31.041.689,00** денари, што претставува 96,18% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на:

- плаќање на обврските на училиштата за централно греење, електрична енергија, водовод, ѓубретарина;
- купување на училишни ранци за првооделенците;
- набавка на средства за хигиена во основните училишта;
- тековно одржување и обезбедување на објектите на училиштата;
- примарна здравствена заштита и контрола на санитарно-хигиенската состојба во училиштата;
- трошоци за лични асистенти во рамки на проектот "Образование за сите";
- награди за најдобрите одделенски и предметни наставници;
- стипендии за поддршка на талентирани ученици од областа на науката и ученици од семејства од социјален ризик;
- поддршка на ученици за учество на меѓународни натпревари;
- финансиска поддршка за ангажирање на дополнителен технички кадар-хигиеничарки во основните училишта.

Во Потпрограмата **НА0 – Капитални расходи за основно образование** планирани се расходи во износ од 12.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од **11.061.421,00** денари, што претставува 92,18% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма. Овие средства се искористени за:

- набавка на 14 персонални компјутери, 22 смарт табли, проектори, држачи, кабли и скенери за основните училишта на територија на Општина Центар- Скопје;
- изработка на проект и ревизија на основен проект за реконструкција на ООУ "Гоце Делчев";
- градежно занатски работи во ООУ "Кочо Рацин" и ООУ "11 Октомври";
- ограда и поплочување на паркинг во ООУ "Коле Неделковски";
- санација на тоалети и молерофарбарски работи во ООУ " Гоце Делчев" и ООУ " 11 Октомври";
- извршен стручен надзор над изведените работи.



Во Потпрограмата **НАА – Реконструкција на основни училишта (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 26.600.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од **18.875.538,00** денари, што претставува 70,96% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма и истите се искористени за ревизија на основен проект, доградба на училници и надзор над реконструкцијата - Доградба на училници во ООУ „Коле Неделковски".

Во Потпрограмата **P1 – Заштита на животната средина** планирани се расходи во износ од 7.400.000,00 денари, а реализирани се во износ од **6.578.929,00** денари, што претставува 88,90% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на:

- поставување на филтри на прозорци на детските градинки;
- расчистување на диви депонии, депонии од шут и чистење канали;
- финансиско учество на Општина Центар во меѓуопштинска соработка со Град Скопје за финансирање на ЈП Лајка за заловување на бездомни кучиња;
- субвенционирање на 101 велосипеди, 25 Е-велосипеди и Е-тротинети.




Во Потпрограмата **В10 – Детски градинки** планирани се расходи во износ од 5.810.000,00 денари, реализирани се расходи во износ од **5.011.678,00** денари, што претставува 86,26% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а овие средства се искористени за:

- плаќање на обврските на детските градинки за централно греење, електрична енергија, водовод и ѓубретарина;
- набавка на средства за одржување на хигиена;
- финансиска поддршка на детските градинки за ангажирање дополнителен воспитен кадар (воспитувачки и негувателки) и
- награди за најдобрите воспитувачки и негувателки во градинките во Општина Центар-Скопје.

Во Потпрограмата **ВА0 – Капитални расходи за детски градинки** планирани се расходи во износ од 300.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од **289.258,00** денари, што претставува 96,42% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма и истите се искористени за набавка на смарт табли во детските градинки.

Во Потпрограмата **ВАБ – Пренамена на објект во детска градинка (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 78.960.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од **78.533.503,00** денари, што претставува 99,46% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма и истите се искористени за изградба на новата детска градинка во населбата Пролет.

Во Потпрограмата **X1 – Родова еднаквост** планирани се расходи во износ од 100.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од **59.995,00** денари, што претставува 60% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма и истите се искористени за набавка на облека и обувки за деца од згрижувачки семејства.

## РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ ПО ПОТПРОГРАМИ

Во Потпрограмата **Н10 – Основно образование** планирани се расходи во износ од 16.707.000,00 денари, реализирани се во износ од **14.141.926,00** денари, што претставува 84,65% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма. Најголем дел од расходите се однесуваат на:

- плаќање на обврските на училиштата за користење централно греење, електрична енергија, водовод, ѓубретарина, телефони;
- набавка на канцелариски материјали, средства за хигиена, наставно-образовни помагала, ситен инвентар;
- тековно одржување на објектите на училиштата, поправки и одржување на училишна опрема, дезинфекција и дератизација на објектите;
- превозни услуги, контрола на санитарно-хигиенските услови, услуги за копирање и печатење;
- расходи за репрезентација, учество на семинари и конференции на вработените во основните училишта, објавување на огласи.



Во Потпрограмата **НА0 – Капитални расходи за основно образование** планирани се расходи во износ од 3.293.000,00 денари, а реализирани се во износ од **2.681.263,00** денари, што претставува 81,42% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма. Овие средства се искористени за:

- купување на информатичка опрема и опрема за греење и климатизација во основните училишта;
- купување на училишен и канцелариски мебел во основните училишта.

Во Потпрограмата **<u>В10 – Детски градинки</u>** планирани се расходи во износ од 37.817.000,00 денари, реализирани се расходи во износ од **29.125.942,00** денари, што претставува 77,02% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а најголем дел од овие средства се искористени за:

- трошоци за комунални услуги- електрична енергија, гориво, парно, вода, ѓубретарина, пошта, телефон;
- набавка на канцелариски материјали, униформи, обувки, прехранбени продукти во детските градинки, средства за хигиена, ситен инвентар и материјали за разни поправки;
- одржување на објектите на детските градинки и поправка и одржување на информатичката и друга опрема во градинките;
- консултантски услуги;
- расходи за репрезентација, семинари, објавување огласи;
- плати за дополнително ангажираниот воспитен кадар (воспитувачки и негувателки) во детските градинки.




Во Потпрограмата **<u>ВА0 – Капитални расходи за детски градинки</u>** планирани се расходи во износ од 3.583.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од **3.427.172,00** денари, што претставува 95,65% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма и истите се искористени за:

- купување на информатичка и кујнска опрема во детските градинки;
- купување на мебел за опремување на детските градинки.

## РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ НА БЛОК ДОТАЦИИ ПО ПОТПРОГРАМИ

Во Потпрограмата **Н10 – Основно образование** планирани се расходи во износ од 322.681.000,00 денари, реализирани се во износ од **321.903.740,00** денари, што претставува 99,76% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма. Најголем дел од расходите се однесуваат на:

- плати и надоместоци за вработените во основното образование;
- плаќање на обврските на училиштата за користење централно греење, електрична енергија, водовод, ѓубретарина, телефони;
- набавка на канцелариски материјали, средства за хигиена, наставно-образовни помагала;
- тековно одржување на објектите на училиштата, поправки и одржување на информатичка и училишна опрема, дезинфекција и дератизација на објектите;
- превозни услуги, контрола на санитарно-хигиенските услови;
- расходи за репрезентација и објавување на огласи;
- исплата на јубилејни награди на вработените во основното образование.



Во Потпрограмата **В10 – Детски градинки** планирани се расходи во износ од 185.674.000,00 денари, реализирани се расходи во износ од **183.005.931,00** денари, што претставува 98,56% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а најголем дел од овие средства се искористени за:

- плати и надоместоци за вработените во детските градинки;
- трошоци за комунални услуги- електрична енергија, централно греење, вода, ѓубретарина, пошта, телефон;
- набавка на обувки, постелнина, прехранбени продукти во детските градинки, наставно-образовани помагала, средства за одржување на хигиена, ситен инвентар и материјали за разни поправки;
- одржување на објектите и поправка и одржување на информатичката и друга опрема во градинките; дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
- систематски прегледи за вработените, изнајмување на простор;
- расходи за семинари и објавување огласи;
- плати за дополнително ангажираниот воспитен кадар (воспитувачки и негувателки) во детските градинки.

## **РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ НА ДОНАЦИИ ПО ПОТПРОГРАМИ**

Во Потпрограмата **Г10 – Поддршка на локалниот економски развој** планирани се расходи во износ од 260.300,00 денари, а реализирани во износ од **80.000,00** денари, што претставува 30,73% од планираните расходи во оваа Потпрограма. Средствата се потрошени за исплата на консултанти ангажирани за реализација на "Еразмус+" проект наменет за апликативно решение за работа со деца со попреченост во училиштата.




Во Потпрограмата **Н10 – Основно образование** планирани се расходи во износ од 11.247.000,00 денари, реализирани се во износ од **4.031.640,00** денари, што претставува 35,85% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма. Во повеќе училишта беа реализирани различни донаторски проекти:

- во ООУ "Киро Глигоров" за реализација на обуки на наставниот кадар за креативни образовни практики за инклузија на надарени ученици во рамки на Еразмус+ програмата, како и за опремување на ботаничката градина во дворот на училиштето во рамки на проектот "Ботаничка градина";
- набавка на разни материјали за реализација на донаторскиот проект во ООУ "11-ти октомври" кој се однесува на заштита на животната средина (екологија и рециклирање) со средства добиени од Фондот за иновации;
- во ООУ "Кирил и Методиј" за реализација на два Еразмус+ проекти и тоа: во едниот проект се реализираа транснационални работилници и подготовка на алатката Toolbox со цел унапредување на образовниот процес. Во рамки на вториот проект беше проследена обука за кодирање и роботика со цел примена на дигитални алатки во образованието, беа обезбедени соодветни материјали за изработка на прирачник за поддршка во наставниот процес, а беа организирани и работилници со ученици и родители, презентации и промотивни активности;

- во ООУ "Гоце Делчев" за реализација на Еразмус+ проект со име "We are equal, tolerant and cool" за извршување на работи и работни задачи за време на обуката (мобилност) и по завршување на истата на група наставници во Хелсинки, Естонија и Тенерифе;
- во ООУ "Ј.Х.Песталоци" за реализација на три Еразмус+ проекти кои се однесуваат на организирање на обуки (мобилност) на наставници и ученици, како и спроведување на тренинзи и состаноци на наставниците за унапредување на образованиот процес.

Во Потпрограмата **НА0 – Капитални расходи за основно образование** планирани се расходи во износ од 2.405.000,00 денари, а реализирани се во износ од **1.359.073,00** денари, што претставува 56,51% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма. Овие средства се искористени за:

- купување на лаптопи во ООУ "Ј.Х.Песталоци" со средства донирани од Агенцијата за електронски комуникации;
- купување на персонални комјутери и лаптопи за ООУ "Гоце Делчев" со финансиски средства од грант добиен од Министерството за образование и наука;
- купување на лаптопи и принтери за ООУ "Киро Глигоров" во рамки на проектот "Зелени пораки за Зеленодонија"- правење хартија од трева и рециклирање отпадна хартија со двојна намена за повторна употреба.

# II. ИЗВЕШТАЈ

# ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ПРОГРАМИ, КАПИТАЛНИТЕ И БЛОК-ДОТАЦИИТЕ

## 1. Реализација на инвестиционите програми

Во текот на 2024 година, во согласност со донесените програми од Советот, Општина Центар-Скопје реализираше повеќе инвестициони работи.

- По Програма Ф, Потпрограма **ФА – Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** реализирани се капитални инвестиции во вкупна вредност од **48.522.960,00 денари**, и тоа:

- Надомест за одземен имот (експропријација) за реализација на јавен интерес од локално значење намена на градба, улица- сообраќајница, дел од ул. "Тодор Александров" бр.11,12, во вкупен износ од 27.000.000,00 денари;
- Реконструкција на ул. "Блаже Тодоровски" во износ од 14.946.366,00 денари;
- Реконструкција на атмосферска канализација на ул. "Васил Ѓоргов", реконструкција на фекална канализација, Градски стадион и реконструкција на атмосферска канализација на ул. "Периша Савелиќ" во износ од 4.237.083,00 денари;
- Реконструкција на фекална канализација Кеј 13-ти ноември и реконструкција на водоводна и хидрантска мрежа на ул. "Анте Хаџи Митков" во износ од 1.442.477,00 денари;



- Подготвување на проекти за изградба на инфраструктура во износ 257.207,00 денари;
- Приклучување во дистрибутивна мрежа во износ од 365.908,00 денари;
- Изработени се геодетски елаборати во износ од 260.842,00 денари;
- Стручен надзор над изградбата на инфраструктура во износ од 13.077,00 денари.

- Најзначајните капитални вложувања на Општина Центар во 2024 година по **Програмата за комунални дејности** се наменети за реализација на следниве потпрограми:

Во рамките на Потпрограмата **ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** изведени се капитални инвестиции за 2024 година во вкупна вредност од **22.111.872,00 денари**, и тоа:

- Изведена е реконструкција на улици во вкупна вредност од 15.156.351,00 денари, и тоа за:
    - Реконструкција на ул. " Елисие Поповски- Марко" како дел од Планот на програми за развој во износ од 13.077.742,00 денари;
    - Реконструкција на ул. " Аминта Трети " како дел од Планот на програми за развој во износ од 2.078.609,00 денари;

- Изработка и ревизија на основни проекти за инфраструктура во износ од 713.482,00 денари;
- Изградба на водоводна мрежа по дел од ул. "Пролет", приклучок за фекална канализација на ул. "Шумадиска", приклучок за фекална канализација на ул. "Ленинова"- зграда 21, приклучок за фекална канализација на ул. "487" и корекција на капаци за шахти- подигнување на кота на нивелета и реконструкција на сливници во износ од 1.030.431,00 денари;
- Санација на тротоари на ул. "Народен Фронт" во износ од 3.885.444,00 денари;
- Поставување на хоризонтална сообраќајна сигнализација и изведба и одржување на вертикална сообраќајна сигнализација во износ од 1.317.444,00 денари;
- Изготвување хидротехнички услови во износ од 7.080,00 денари;
- За сите изведени активности по оваа Потпрограма извршен е надзор во износ од 1.640,00 денари.



Во рамките на Потпрограмата **ЈМ – Паркови и зеленило** (капитални расходи) во текот на 2024 година изведено е хортикултурно и партерно уредување од паркингот кај Зебра до парк Капиштец во населбата Капиштец во вредност од **13.211.869,00 денари**.

Во рамките на Потпрограмата **ЈН – Урбана опрема** (капитални расходи) во текот на 2024 година набавени и монтирани се клупи, канти за отпадоци и држачи за велосипеди во вредност од **663.483,00 денари**.

Во рамките на Потпрограмата **ЈА – Реконструкција и модернизација на јавното осветлување** како дел од Планот на програми за развој во текот на 2024 година за имплементација на систем за административна дигитализација и реконструкција на јавното осветлување потрошени се средства во вредност од **25.539.634,00 денари**.

Во Потпрограмата **ГД – Други комунални услуги** (капитални расходи) реализирани се активности во вкупна вредност од **3.327.978,00 денари** од кои:

- за реконструкција на фасада на зграда на ул. "Дебарца" бр.17 потрошени се 793.350,00 денари;
- за финансиска поддршка за поправка и санација на постојни кровови и лифтови во станбени згради потрошени се 2.534.628,00 денари.

По Потпрограмата **ЛА – Спорт и рекреација** (капитални расходи) реализирани се активности во вкупна вредност од **13.913.705,00 денари од кои:**

- за изработка на основен проект за фаза 1 и 2 од реконструкција на објект Спортска сала Работнички во износ од 2.661.986,00 денари;
- за санација на спортска сала Работнички во износ од 10.731.387,00 денари;
- за реконструкција на детски игралишта на територија на Општина Центар- Скопје 520.332,00 денари;



По Потпрограмата **ЕА** – **Капитални трошоци на Општината** реализирани се капитални инвестиции во вкупна вредност од **3.442.459,00 денари**, а се однесуваат на: набавка на нова ИТ опрема, за превентивно и адаптивно одржување на ГИС софтвер, набавка на антивирусни сервер клиент решенија и набавка на лиценци за FireWall уреди.

- Во 2024 година капитални инвестиции во износ од **29.936.959,00 денари**, Општина Центар-скопје ги реализираше во **основните училишта**, и тоа:

  - 2.000.000,00 денари за набавка на 14 персонални компјутери, 22 смарт табли, проектори, држачи, кабли и скенери за основните училишта на територија на Општина Центар- Скопје;
  - 231.404,00 денари за изработка на проекти и ревизија на основни проекти за реконструкција на ООУ "Гоце Делчев" и за доградба на ООУ "Коле Неделковски";
  - 18.126.919,00 денари за доградба на училници во ООУ "Коле Неделковски";
  - 5.416.677,00 денари за санација на градежно занатски работи во ООУ "Кочо Рацин" и ООУ "11 Октомври";
  - 1.383.256,00 денари за ограда и поплочување на паркинг во ООУ "Коле Неделковски";
  - 1.984.987,00 денари за санација на тоалети и молерофарбарски работи во ООУ " Гоце Делчев" и ООУ " 11 Октомври";
  - 793.716,00 денари за извршен стручен надзор над изведените работи по оваа потпрограма.




- Во **детските градинки** во 2024 година изведени се капитални инвестиции во вкупна вредност од **78.822.761,00 денари**, од кои:

  - 76.536.449,00 денари за изградба на новата детска градинка во населбата Пролет;
  - 1.997.054,00 денари за извршен стручен надзор над изведените работи по оваа потпрограма;
  - 289.258,00 денари за набавка на 3 смарт табли, проектори, држачи и кабли за детските градинки на територија на Општина Центар- Скопје.

## 2. Реализација на блок-дотациите

**Блок-дотациите** од Буџетот на Република Македонија со кои Општина Центар-Скопје ги финансира своите надлежности во основното образование и социјалната и детската заштита за 2024 година изнесуваа вкупно **504.909.671,00 денари**, од кои 321.903.740,00 денари беа наменети за финансирање на надлежноста основно образование и 183.005.931,00 денари за финансирање на надлежноста детска заштита.

- Блок-дотацијата наменета за **основно образование** беше распределена по видови расходи, и тоа: **308.249.041,00 денари** за плати и надоместоци за вработените и **13.654.699,00 денари** за тековно-оперативни трошоци.
  Реализацијата на блок-дотацијата за тековно-оперативните расходи по училиштата се одвиваше на следниов начин:

- За тековно одржување на ООУ „Коле Неделковски" реализирани се трошоци во износ од 1.660.359,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Ј.Х. Песталоци" реализирани се трошоци во износ од 1.951.946,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Кочо Рацин" реализирани се трошоци во износ од 1.706.626,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Гоце Делчев" реализирани се трошоци во износ од 1.127.543,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „11 Октомври" реализирани се трошоци во износ од 1.708.200,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Димитар Миладинов" реализирани се трошоци во износ од 2.200.266,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „ Св. Кирил и Методиј" реализирани се трошоци во износ од 1.199.759,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Киро Глигоров" реализирани се трошоци во износ од 2.100.000,00 денари



- Блок-дотацијата наменета за **детските градинки** беше распределена по видови расходи, и тоа: **162.055.641,00 денари** за плати и надоместоци за вработените и **20.950.290,00 денари** за тековно-оперативни трошоци.
  Реализацијата на блок-дотацијата за тековно-оперативните расходи по градинките се одвиваше на следниов начин:

- За тековно одржување на ЈУДГ „13-ти Ноември" реализирани се трошоци во износ од 7.563.806,00 денари
- За тековно одржување на ЈУДГ „Кочо Рацин" реализирани се трошоци во износ од 7.016.791,00 денари
- За тековно одржување на ЈУДГ „Р.Ј.Корчагин" реализирани се трошоци во износ од 6.369.693,00 денари.

## III. ИЗВЕШТАЈ ЗА СРЕДСТВАТА, ПОБАРУВАЊАТА, ОБВРСКИТЕ И ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВАТА И НИВНАТА ВРЕДНОСТ

### ПОБАРУВАЊА

Во 2024 година во сметководствената евиденција на Општина Центар-Скопје се прокнижени и потврдени побарувања врз повеќе основи, и тоа: побарувања врз основа на надоместок за уредување на градежно земјиште од правни и од физички лица, побарувања од закупнини, побарувања по основа на присилно административно извршување - уривање на дивоградби и отстранување на урбана опрема, побарувања од данок на имот на физички и на правни лица, побарување за комунална такса за фирма, побарување по основа на комунална такса за паркирање и други што имаат учество во приходите што ги остварува Општина Центар-Скопје.

Состојба на средствата и изворите на средствата на 31.12.2024 година е следна:

| | | **Редовни** | **Спорни и сомнителни побарувања** |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Побарувања по основа на надоместок за уредување на градежно земјиште** | **7.578.057,00** | **4.225.645,00** |
| **2.** | **Побарувања по основа на даден деловен простор под закуп** | **6.103,00** | **121.093,00** |
| **3.** | **Побарувања по основа на присилно административно извршување - уривање дивоградби и отстранување на урбана опрема** | **5.943.203,00** | **15.046.003,00** |
| **4.** | **Побарувања по основа на данок на имот за физички лица** | **90.308.207,00** | **-** |
| **5.** | **Побарувања по основа на данок на имот за правни лица** | **100.162.882,00** | **-** |
| **6.** | **Побарувања по основа на комунална такса за истакнување на фирма, односно деловна просторија** | **50.871.880,00** | **-** |
| **7.** | **Побарувања по основа на комунална такса за паркирање** | **22.339.647,00** | |
| **Вкупни побарувања** | | **277.209.979,00** | **19.392.741,00** |
| **ВКУПНО ПОБАРУВАЊА** | | **296.602.720,00** | |

- **Побарувања по основа на надоместок за уредување на градежно земјиште**

Побарувањата во износ од 7.578.057,00 денари се побарувања од правни и од физички лица со кои Општина Центар-Скопје има склучено договори за плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати. Износот од 4.225.645,00 денари се спорни и сомнителни побарувања од претходни години.

- **Побарувања по основа на даден деловен простор под закуп**

Општина Центар-Скопје им издава деловен простор под закуп на правни лица што изразиле интерес за најмување простор во согласност со нивните деловни потреби. За таа намена Општината има склучено договори за закуп на деловен простор за кои Секторот за финансиски прашања доставува фактури до закупците на месечна основа. Во сметководствената евиденција заклучно со 31.12.2024 година евидентирани се редовни побарувања од закуп на деловен простор во износ од 6.103,00 денари и 121.093,00 денари од спорни и сомнителни побарувања.

- **Побарувања по основа на присилно административно извршување - уривање на диоградби и отстранување на урбана опрема**

Побарувањата по основа на присилно административно извршување - уривање на дивоградби и отстранување на урбана опрема заклучно со 31.12.2024 година изнесуваат 5.943.203,00 денари и 15.046.003,00 денари од спорни и сомнителни побарувања. Спорните и сомнителни побарувањата по оваа основа се пренесени од претходните години и за поголем дел од нив се води судска постапка за наплата.

- **Побарувања по основа на данок на имот од физички и од правни лица и комунална такса за фирма**

Побарувањата по основа на данок на имот од физички и од правни лица и комунална такса за фирма се делат меѓу Општината и Градот Скопје и нив ги администрира Градот Скопје. Според добиениот преглед за заеднички побарувања од Градот Скопје, побарувањата по основа на данок на имот од физички лица изнесуваат 90.308.207,00 денари, побарувањата за данок на имот од правни лица изнесуваат 100.162.882,00 денари и побарувањата по основа на комунална такса за фирма изнесуваат 50.871.880,00 денари.

- **Побарувања по основа на комунална такса за паркирање**

Општина Центар-Скопје и Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР" Скопје склучија Договор за регулирање на начинот на исплата на вкупниот долгуван износ по основа на неплатена комунална такса за користење на просторот за паркирање на патнички моторни возила на територијата на Општина Центар. Побарувањата по основа на комунална такса за паркирање изнесуваат 22.339.647,00 денари.

## ОБВРСКИ

На 31.12.2024 година во сметководството на Општина Центар-Скопје евидентирани се неплатени обврски по фактури и времени ситуации на разни доверители за извршени тековни и инвестициони активности. Вкупниот износ на неплатените обврски изнесуваат 109.927.276,00 денари.

| | **Обврски** | **Износ** |
|---|---|---|
| 1. | Обврски спрема набавувачи | 4.441.743,00 |
| 2. | Обврски по основа на неисплатена плата за декември 2024 година на редовно вработени лица | 7.195.593,00 |
| 3. | Обврски по основа на главнина од кредит | 98.289.940,00 |
| **Вкупно обврски** | | **109.927.276,00 ден.** |

- **Обврски спрема набавувачите**

Тука спаѓаат тековните обврски. Тековно-оперативните обврски се настанати од редовното работење на Општината.

- **Обврски по основа на неисплатена плата**

Бруто-платата на редовно вработените во Општината за декември 2024 година во износ од 7.195.593,00 денари.

- **Обврски по основа на главнина од кредит**

Долгорочните обврски по основа на заем, кредит на Општина Центар со состојба на 31.12.2024 година евидентирани се на вкупен износ од 98.289.940,00 денари, и тоа кон: Комерцијална банка во износ од 75.226.293,00 денари кредит за изградба на ООУ „Киро Глигоров‟ и обврски по долгорочен заем одобрен од Светска банка, подзаем од Министерството за финансии за проектот „Реконструкција на водоводот на ул. ʺТитовелешкаʺ и реконструкција на детската градинка ʺПепелашка‟ на износ од 23.063.647,00 денари.

## IV. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТСКИТЕ РЕЗЕРВИ ЗА 2024 ГОДИНА

Во согласност со одредбите од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2024 година, средствата утврдени за постојана (непредвидливи расходи) и тековна резерва се користат со Одлука на Советот, а по исклучок за користење на средствата од тековната резерва, одлучува Градоначалникот. Во 2024 година реализираните средства од резервите се во вкупен износ од **221.666,00** денари.

| Р.Бр | Име и презиме и број на Одлука/Решение | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Во согласност со Одлуката донесена од Советот на Општина Центар-Скопје бр.08-5501/28 од 11.12.2024 година одобрена е парична помош за санирање на последици од пожар на Љупчо и Јулијана Котели. | 22.222,00 |
| 2. | Во согласност со Одлуката донесена од Советот на Општина Центар-Скопје бр.08-165/6 од 16.01.2024 година одобрени ѝ се парични средства на Соња Ампова заради штета настаната од поплава. | 20.000,00 |
| 3. | Во согласност со Одлуката донесена од Советот на Општина Центар-Скопје бр.08-165/4 од 16.01.2024 година одобрени му се парични средства на Кристијан Смилковски заради штета настаната од поплава. | 20.000,00 |
| 4. | Во согласност со Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр.09-3082/2 од 05.07.2024 година одобрени ѝ се парични средства на Снежана Стојчевска заради лекување (вклучително и персонален данок на доход). | 22.222,00 |
| 5. | Во согласност со Одлуката донесена од Советот на Општина Центар-Скопје бр.09-3120/36 од 09.07.2024 година одобрени ѝ се парични средства на Даринка Симоноска заради штета настаната од пожар (вклучително и персонален данок на доход). | 22.222,00 |
| 6. | Во согласност со Одлуката донесена од Советот на Општина Центар-Скопје бр.09-3667/76 од 19.08.2024 година исплатен е надомест на вработените во јавното претпријатие за јавни паркиралишта "Паркинзи" на Општина Центар- Скопје: Воислав Чижбановски, Сами Камилов, Ѓунеш Елес и Мифтар Рајкович за учество во справување со пожари (вклучително и персонален данок на доход). | 40.000,00 |
| 7. | Во согласност со Одлуката донесена од Советот на Општина Центар-Скопје бр.09-4956/46 од 08.11.2024 година одобрена е финансиска помош за карате клуб "Цветан Димов" заради организирање на меѓународен карате турнир посветен на Игор Лазарев- поранешен член на Советот на Општина Центар- Скопје. | 75.000,00 |
| | **Вкупно исплатени средства** | **221.666,00** |

## V. СОСТОЈБА НА ЖИРО-СМЕТКИ ЗАКЛУЧНО СО 31.12.2024 ГОДИНА

| Р.Бр. | Сметка | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Состојба на сметка на Буџет на Општина Центар-Скопје | 312.342.832,00 ден. |
| 2. | Состојба на донаторската сметка за проектот "Општина по мерка на граѓаните" | 238.149,00 ден. |
| 3. | Состојба на донаторската сметка за енергетска ефикасност за ООУ "Димитар Миладинов"-Скопје | 1.098.589,00 ден. |
| 4. | Состојба на донаторската сметка за набавка на опрема за одржување на патишта и зеленило | 50.000,00 ден. |
| 5. | Состојба на сметката за трансфери до ОИК | 0,00 ден. |
| 6. | Состојба на сметката за проектот "Општинско-корисна работа" | 72.000,00 ден. |
| 7. | Состојба на сметката за трансфери од Агенцијата за државни патишта | 0,00 ден. |
| 8. | Состојба на сметката за блок-дотации | 1.155.207,00 ден. |
| 9. | Состојба на сметка Центар- Орган на Општината | 0,00 ден. |
| 10. | Состојба на сметка за реконструкција на спортска сала "Работнички"-Општина Центар | 19.268.613,00 ден. |
| 11. | Состојба на сметка за реконструкција на Ул. "Дебарца"-Општина Центар | 18.635.000,00 ден. |
| 12. | Состојба на сметка за реконструкција на Ул. "Светозар Марковиќ" - Општина Центар | 22.765.000,00 ден. |
| 13. | Состојба на сметка за просторно, хортикултурно и партерно уредување- Општина Центар | 11.812.727,00 ден. |
| 14. | Состојба на сметка -"Проект Еразмус+2022-1-AT01" | 347,00 ден. |
| 15. | Состојба на сметка- "Министерство за животна средина и просторно планирање- фосилни горива" | 0,00 ден. |
| **ВКУПНО** | | **387.438.464,00 ден.** |

## VI. ИЗВЕШТАЈ ОД ОДГОВОРЕН СМЕТКОВОДИТЕЛ

Сметководствената евиденција во Општина Центар-Скопје се води во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и прифатените сметководствени политики и сметководствени стандарди. Во сметководството се обезбедуваат податоци поединечно по сите видови приходи и други видови приливи, за расходите и за другите одливи.

Податоците во годишната (завршна сметка ) на Општина Центар-Скопје за сите сметки го искажуваат реалното трошење на средствата по програми, потпрограми и намени, како и остварувањето на сите приходи по сметки, потсметки и по видови приходи.

Во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола воспоставени се пишани процедури за движење на документите, нивна контрола и евидентирање во сметководството на Општина Центар-Скопје.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19;1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2024 година**

Се објавува Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2024 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 46. седница, одржана на 12.3.2025 година.

Бр. 09-1503/23
12.3.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24) и член 26 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19;1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 46. седница, одржана на 12.3.2025 година, усвои

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**на Општина Центар-Скопје за 2024 година**

**Член 1**

Се усвојува Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2024 година.

**Член 2**

Составен дел на Годишниот извештај се:
- Годишна (завршна) сметка на Буџетот на Општина Центар-Скопје
- Извештај за реализацијата на инвестиционите, капиталните и блок-дотациите
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност
- Извештај за користење на средствата од тековната и од постојаната резерва
- Извештај за состојбата на жиро-сметките заклучно со 31.12.2024 година
- Извештај од одговорниот сметководител со кој се потврдуваат точноста и веродостојноста на Годишната сметка

**Член 3**

Овој Годишен извештај стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-1503/22
12.3.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска